**20230320567**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 57 став (2) од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија" бр.39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13, 43/14, 129/15, 39/16, 71/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 7 февруари 2023 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА СЕМЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ВО 2023 ГОДИНА

I

Со оваа програма се спроведува внесување на сорти на земјоделски растенија во националната сортна листа, постконтрола над производство на сертифициран семенски материјал и увезени партии на семе од земјоделски растенија и чување и одржување на семенски и саден материјал во ген банка.

II

Средствата од оваа програма во износ од 1.500.000,00 денари се обезбедуваат од:

| | денари |
|---|---|
| Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година, Раздел 14001, Програма 5, Потпрограма 52, Категорија 46 - Субвенции и трансфери, Ставка 464 - Разни трансфери | 1.500.000,00 |

III

Средствата утврдени во дел II на оваа програма ќе се користат за:

| Намена | денари |
|---|---|
| 1. Финансиска поддршка за внесување на сорти на земјоделски растенија во националната сортна листа | 203.800,00 |
| 2.Финансиски средства за постконтрола на партии семе од домашно производство и увезени партии на семе | 468.000,00 |
| 3. Финансиски средства за функционирање на ген банки | 822.000, 00 |
| 4. Неподмирени обврски на Управата за семе и саден материјал во 2022 година за испитување на сорти од разни видови на земјоделски растенија на отворено поле и заштитен простор заради запишување во Националната сортна листа | 6.200,00 |
| ВКУПНО | 1.500.000,00 |

IV

Средствата од дел III точка 1 на оваа програма во износ од 203.800,00 денари ќе се користат за:

| Намена | денари |
|---|---|
| - Испитување на сорти од разни видови на земјоделски растенија на отворено поле и заштитен простор | 130.000,00 |
| - Надоместок за работата на Комисијата за национална сортна листа | 40.000,00 |
| - Статистичка обработка на добиените резултати од испитувања на сортите | 33.800,00 |
| Вкупно | 203.800,00 |

Средствата од дел III точка 2 на оваа програма во износ од 468.000,00 денари ќе се користат за:

| Намена | денари |
|---|---|
| - Организирање на постконтрола во опитни полиња на репрезентативен примерок од партии на семе, вклучувајќи и увезени партии на семе | 468.000,00 |
| Вкупно | 468.000,00 |

Средствата од дел III точка 3 на оваа програма во износ од 822.000,00 денари ќе се користат за:

| Намена | денари |
|---|---|
| - Чување и одржување на семенски и саден материјал во ген банка | 822.000,00 |
| Вкупно | 822.000,00 |

Средствата од дел III точка 4 на оваа програма во износ од 6.200,00 денари ќе се користат за:

| Намена | денари |
|---|---|
| - Неподмирени обврски на Управата за семе и саден материјал во 2022 година, за испитување на сорти од разни видови на земјоделски растенија на отворено поле и заштитен простор заради запишување во Националната сортна листа | 6.200,00 |
| Вкупно | 6.200,00 |

V

Исплатата на средствата од оваа програма ја врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Исплатата на средствата од оваа програма се врши врз основа на:

а) договор што го склучува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство со правно лице за намените од дел IV став 1 алинеи 1 и 3 и ставови 2, 3 и 4 од оваа програма и

б) решение на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство за намена од дел IV став 1 алинеја 2 од оваа програма.

VI

Средствата од оваа програма се неповратни.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-1260/5
7 февруари 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.